**20251443170**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 јули 2025 година.

Бр. 08-3947/1
10 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/1998, 98/2000 и 48/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 152/19), во член 14 ставот 4 се менува и гласи:

„За директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на радиодифузијата или електронските комуникации и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и/или
- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на услуга.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".